# 21.03.2013г.Одржан состанок со делегација од набљудувачка мисија на Советот на Европа

Тема на состанокот беше состојбата со медиумите во контекст на изборната кампања. Поконкретно, се разговараше за почитувањето на Изборниот законик, Правилникот за однесувањето на радиодифузерите во периодот пред започнување на изборната кампања,

Правилникот за рамноправен пристап во медиумското претставување за време на изборна кампања, мерките кои Советот за радиодифузија им ги изрекува на медиумите, почитување на професионалните принципи и етички стандарди, остварувањето на правата на различните етнички групи во медиумите.